## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Деведесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 95-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Есад Рахиќ, Иван Стоиљковиќ, Кенан Хасипи, Хади Незири, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Али Ахмети, Фазли Велију и Зумрете Јакупи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Процедурално, повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Можеби ќе излезам малку од темата, слободно прекинете ме, немам забелешка по овој закон, но сакам бидејќи нема друг начин како да ги искажам своето мислење се однесува на следново.

Македонската јавност вчера конечно виде дека после година ипол сме имале претседател на Државната комисија за спречување на корупција. И замислете ќе се бори против корупцијата на пратениците за добивањето на телефони. Ја охрабрувам претседателката на Антикорупциската комисија веднаш да го разреши овој случај. Имено, ова го подржувам, бидејќи сум убеден дека случајот е потполно чист, со следново: Собранието е првата институција во Република Македонија која што распиша тендер за користење на услуги од мобилната телефонија.

Иако Владата пред Нова Година, два три дена сакаше да каже дека таа била прва, Собранието распиша колку што јас имам информација некаде на почетокот на октомври. Но, надвор од тоа како се одвиваше целокупната работа, она што сега барам претседателе од вас веднаш надлежните служби дали да ја повикате овде Антикорупциската комисија или да одат таму, изнајдете начин како и во рок од 5 дена да го разрешат случајот. Да не се пласира во јавноста дека пратениците се тие кои се корумпирани во врска со овој случај. Јас сум убеден дека ни еден пратеник во врска со овој случај нема врска. И затоа барам во рок од 5 дена Комисијата да го разреши овој случај. Зошто сметам дека е потребно? Заради тоа што Комисијата и претседателката сакајќи да ја избегне својата одговорност што цела година ништо не работи, сака да се пренасочи и наместо да се занимава со договорот склучен за ОКТА, со Законот за енергетика каде што се работи и во едниот и во другиот случај со тешки милиони евра, можеби милијарда евра и сега се занимава со случајот на телефоните на пратениците.

Сакам да напоменам дека телефоните не им се дадени на пратениците туку телефоните се на Собранието.

Втора работа, секој од нас пратениците кој што плаќа над лимитот за користени телефонски разговори не користи право на Клуб 360 кој што го користат сите граѓани на Република Македонија. Само по тој основ имаме платено можеби 50 телефони, не еден апарат.

Затоа господине претседателе, барам од вас, без да навлегуваме во целиот случај, во рок од 5 дена де побарате од Комисијата да го разреши овој случај и да излезе во јавноста. Не сакам ние како пратеници да носиме хипотека во врска со нешто за што немаме апсолутно никаква врска. И ако треба кажете после тие 5 дена да ви ги вратиме сите тие телефони и да се заврши случајот и Антикорупциската комисија да си се посвети онаму каде што е прашањето. Дали сака да го задскрие со ова случајот со тендерот кој што го објави Владата, кога велеше дека ќе заштедат 50 милиони евра, сите владини служби ќе биле сега под тој тендер, а веднаш другиот ден министерот за транспорт кажа дека до крајот на 2008 година Министерството за транспорт и врски ќе си остане на мобито. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас ви благодарам на оваа процедурална интервенција во врска со нашиот случај затоа што ми дава шанса деловничка во рамките на мојот одговор на вашата процедурална интервенција да кажам следното:

Како што знаете, ние веднаш другиот ден направивме конференција за печат во која експлицитно кажавме дека телефоните не се во никој случај подарок, туку се телефоните алат на пратеникот за да може поефикасно во рамките на следните наши напори за е-Парламен, за вклучување во новите цивилизациски модели да ја врши работата. Јас тоа го спредив кажувајќи на некои новинари со тоа како на пример, шоферот што ме вози, да му се рече, чекај ти имаш кола луксузна. Тој нема луксузна кола, тој има алат затоа што неговата работа е да го вози претседателот. Значи, на тоа ниво ние неколку пати истакнавме дека телефоните се сопственост на Собранието и дека се тие дадени на список и дека се на реверс. Тоа е првото и основно, иако за жал, во некои медиуми дури и сношти остана старата теза како

да не присуствувале на конференцијата за печат на која беа изнесени докази во врска со тоа, на пример јас сум разочаран длабоко од јавниот сервис од Македонската телевизија, која вчера експресис вербис после една таква конференција и такви приложени докази, рече експресис вербис "подароци на пратениците", што е мислам скандалозно.

Во однос на другите нешта се спрема комплетната документација, комплетно до последната запирка, документација со пропратното писмо во кое ќе бидат истакнати сите овие елементи. Ќе оди мислам уште денес до Антикорупциската комисија. Не ми падна на ум да бидам толку ригорозен - јас ја разбирам вашата индигнација и на секој пратеник, но не сакав да одам така ригорозно да поставувам рокови итн. Меѓутоа, самото пропратно писмо е доволно речито за Аниткорупциската комисија да го земе предвид. Инаку, во таа таа смисла, кога сме кај таа Комисија, имаме барање од една пратеничка група шефицата на Антикорупциската комисија да биде присутна на 27 јануари 2008 година на седницата посветена на пратенички прашања, имено, барање поднесено од вашата пратеничка група, така што тука ќе го поставиме исто така строго деловнички и овие работи ќе се разјаснат. Знаете како е, општата клима во земјата е таква што лесно може да се разгори секаква една ситуација, тие што победија победија, тие што загубија имаат право да се лутат. Морам да кажам дека јас сум исто така изненаден со гестот на "Космофон" кој го загуби тендерот што жалбата не ја приложи во рокот. Тоа е фер постапка. Жалбата доцнеше три дена и таа е дискардирана од второстепената комисија како жалба која доцни по сите правила на правото како такви. Тој случај ќе си го водат службите, може да уследат тужби од наша страна итн. Меѓутоа, сега е белки јасно на целата јавност, барем што се однесува до пратениците, дека тука нема проблем.

Повелете господине Најдовски, само кратко.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

После нашето барање вчера до претседателката на Комисијата да дојде на седницата посветена на пратенички прашања, после тоа одржува прес-конференција и тоа не можам никако да го сфатам освен како притисок кон пратениците да не бараат одговорнот за нејзината работа. Тоа е првата работа.

Јас реков рок од 5 дена, тоа не ништо сложена операција, може за половина час да дојде Антикорупциската комисија или од овде да одат службите и да го решат случајот. Не навлегувам, не прејудицирам, ако има вина има, ако нема нема, но токму тоа е и јавниот сервис, значи се покажува дека има организирано хајка да се отргне вниманието од главните корупциски афери и најлесно е по пратениците сега да се мава. Затоа барам под итно да се реши случајот, не барам ништо друго. Овде не може никој да ми каже дека Панче Дамески е корумпиран - извини Панче што го спомнувам твоето име - и сега излегува претседателката и вели, пратениците се корумпирани, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сосема ве разбирам, мојот одговор е до таму, ставовите околу тоа зошто и како секој ќе си ги преземе за сеге.

За збор се јави господин Павле Трајанов, повелте господине Трајанов.

Да ја продолжиме нашата работа, што и да прават работата нема да ни ја спречат, ќе си ја продолжиме работата.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани пратеници,

Во текот на вчерашниот ден имаше доволно расправа и мислам дека имаше напади кои апсолутно ниту се аргументирани, ниту држат, посебно во делот дека Владата подготвува закон или пак парламентарното мнозинство ќе прифати закон за заштита меѓудругото на криминалното однесување на министрите и другите носители на јавни функции кои одлучуваат по определени барања на граѓаните, што апсолутно не е точно. тоа е практично извртување на тезите со цел една добра идеја, спроведување на еден посебен институт "молчење на администрацијата" како начин да се раздвижат сите административни работници да ги вршат своите работи многу побрзо, поефикасно и поажурно, се извртеа тезите дека со овој закон сака некој да го прикрива своето криминално, незаконито однесување што апсолутно не држи и не е точно. Идејата е сосема друга, идејата практично е подржана од сите парламентарни групи од сите пратеници, меѓутоа, сигурно дека држат и одредени сугестии и забелешки, кога се договараат лидери на политички партии и најдобрите идеи не можат на толку брз начин да бидат преточени во одредени законски решенија, не секогаш се до крај издржани и целосни. Тоа значи дека треба да помине одреден период да се вклучат експерти, да се вклучат и пратеници. Се разбира, ние во Парламентот расправаме со своите идеи и искуства за да се подобри текстот. Комисиската расправа покажа дека има потреба од доработка, доградување на некои законски одредби. Имаше таков договор и во суштина предложивме две решенија. Прво, да оди овој закон во две фази, значи прво да расправаме за потребата од донесување на закон и после тоа да се отвори експертска расправа за да се доградат некои од решенијата. Вториот начин беше Владата на Република Македонија за кус период да излезе со свој амандман токму да ги покрие оние дилеми што беа поставени од сите пратеници, не само од опозицијата бидејќи имаше дискусии и забелешки од пратениците од страна на партиите што го сочинуваат парламентарното мнозинство. Сега Владата излезе со таков амандман. Сега што беше најдобро решение? Оние забелешки што сега ги дава опозицијата да се сублимираат и ако има потреба да се подобри текстот на амандманот,

но, да го прифатиме, да не отвораме една општа расправа за дисквалификација, дискредитација на сите оние што на еден или друг начин учествувале во подготовката и предлагањето на овој многу важен закон, односно измените на овој закон.

Сигурно граѓаните се интересираат за што се работи. Се работи за Закон за општата управна постапка и воведување практично на еден институт во овој закон “молчење на администрацијата”. Тоа значи дека по определен период ако некој од органите на управата не постапи и не го реши предметот, тогаш настапуваат посебни одредби од овој закон, автоматски практично одредено право, обврска или правна ситуација се решава така како што барал барателот, но, има големи ограничувања тој законски пропис, таа законска одредба или одредби да бидат применети.

За да не должам, за да не се вклучам повторно во расправа која ќе отвори уште понатаму расправа, предлагам ако е тоа можно, мислам дека тука имаме консензус да се прифати практично потребата од донесување од овој закон, за ден два евентуално да се подобри текстот или да се предложат нови амандмани од страна на Владата и да го донесеме законот со гласање со двотретинско мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат, затоа што не очекува гласање, а службите ги молам да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум)

Предлагам да предложиме краток прекин на седницата на Законодавно-правна комисија, за да можат члено вите да дојдат да гласаат.

Еве, пратениците пристигнуваат, може и без таква интервенција ќе успееме да имаме кворум.

Уште еднаш ги молам пратениците кои не се влезени во салата, а се во Собранието, да влезат во салата. Според извештајот, во Собранието има над 75 пратеници, значи тука се.

Бидејќи во салата веќе има 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Молам, службите сепак да проверат дали има 61 пратеник, затоа што овде е многу мал одзивот од гласањето. (47 пратеници)

Извинувајќи се за претходното гласање кое не беше исправно, заради тоа што бевме 60 наместо 61 пратеник, сега имаме кворум, затоа ве повикувам да гласаме, повторно ќе гласаме.

Гласале 56 пратеника, за гласале 55, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Сега објавувам прекин од 10 минути за пререгистрација за другата седница и другата точка, со тоа што апелирам на шефовите на пратеничките групи да се погрижат и да го известат своето членство, па да ги известат пратениците дека за да се изгласа следниот закон кој е на ред треба двотретинско мнозинство. Молам да се собере што побрзо таков кворум за двотретинско монозинство.

(Седницата прекина во 12,10 часот)